

# ГЛОБАЛЕН БЕРЗАНСКИ ПРЕГЛЕД

## 2024 Q4

WVP
FUND MANAGEMENT

# Почитувани инвеститори

Со ова обраќање сакаме да ги адресираме до Вас најважните светски и домашни настани од четвртиот квартал од 2024 година, да Ви дадеме еден глобален берзански преглед за тековните случувања, како истите се одразиле врз движењето на светската економија и растот на бизнисите кои се дел од нашето портфолио, како и перформансите на нашите фондови и споредба на истите со светските берзански индекси. Како и до сега така и понатаму, нашата примарна цел и одговорност кон Вас останува успешното управување со Вашите средства, согласно инвестициската стратегија кон која Вие сте се согласиле.

Инвестициската цел на **ВФП Премиум Акции** и понатаму продолжува да се остварува преку професионално управување со средствата на Фондот, односно креирање на портфолио на хартии од вредност на најразвиените и најрегулираните пазари во светот, преку инвестирање во големи компании - „Large Caps" кои се лидери во сопствените индустрии и имаат континуирана растечка историја на исплата на дивиденда кон инвеститорите.

Во фокус на инвестициската политика на **ВФП Дивиденда Акции** се компании со пазарна капитализција над 2 милијарди долари кои имаат голем потенцијал за раст на бизнисот и компании кои имаат високи дивиденди приноси чии бизниси се стабилни, нискозадолжени или имаат висока способност да ги исплаќаат каматните расходи и вкупните долгови. Фондот е наменет за сите инвеститори кои сакаат да остварат атрактивен принос преку искористување на глобалниот раст на светската економија, особено во најразвиените економии во светот како САД, ЕУ и Велика Британија и остварување на приходи од исплата на дивиденда од фондот.

**ВФП Бонд** фондот продолжува да е наменет за инвеститори кои не сакаат своите средства да ги изложат на високи осцилации и на среден рок сакаат да остварат атрактивен принос на своите средства преку вложување во државни и корпоративни обврзници.

**ВФП Кеш Депозит** е идеален за инвеститори кои претпочитаат средствата примарно да им бидат пласирани во банки и кои за цел имаат да менаџираат со својата тековна или среднорочна ликвидност.



# Содржина


01 Анализи на перформансите на фондовите

02 Анализи на светските индекси

03 Препораки

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

## ВФП ПРЕМИУМ АКЦИИ

**Акциите во Еврозоната забележаа пад во четвртиот квартал од 2024 година, предизвикан од загриженоста за рецесија и глобалната несигурност. Во Франција, политичката нестабилност растеше, со широко распространети протести и штрајкови против различни реформи, особено во однос на пензиските реформи, трудовите закони и владините мерки за штедење. Во Германија, тензиите во владината коалиција и растот на десничарските движења, поттикнати од незадоволството со економските политики и имиграцијата, ја зголемија политичката поларизација.**

**Хармонизираниот индекс на потрошувачките цени (HICP) во Еврозоната достигна 2,4% во декември, што е зголемување од 0,2 процентни поени во однос на ноември. Базичната инфлација – која ги исклучува цените на енергијата и храната – остана стабилна на ниво од 2,7%.**

**ЕЦБ во два наврати ги намали референтните каматните стапки за 25 базични поени. Со најновите мерки, каматната стапка на депозити преку ноќ моментално изнесува 3%, каматната стапка на операциите на главно рефинансирање е 3,15%, а каматата на маргиналната кредитна линија изнесува 3,4%. Овие одлуки се засноваат на ажурираната проценка за инфлациските изгледи, динамиката на базичната инфлација и ефикасноста на трансмисијата на монетарната политика. Новите информации на ЕЦБ покажуваат дека процесот на дезинфлација се одвива според очекувањата.**




Извор: WVP Fund Management

**Најслабите сектори за кварталот ги вклучуваат суровините, недвижностите и нецикличната потрошувачка. Сектор кој оствари добивки во текот на кварталот е индустријата. Гледајќи напред, ЕЦБ предвидува просечната стапка на инфлација да биде на ниво од 2,1% во 2025 година, 1,9% во 2026 година и 2,1% во 2027 година.**

**Овие настани се одразија на уделот на ВФП Премиум Акции, чија цена забележа раст од 0,22%.**

WVP FUND MANAGEMENT

# Анализа на перформансите на ВФП Премиум Акции со споредба со берзанските индекси

Како показател за успешноста при управување со средствата на инвеститорите, следејќи ја инвестициската стратегија на фондот (вложување во големи мултинационални компании и примарна изложеност на европскиот пазар), како репер за споредба на приносот на ВФП Премиум Акции го користиме ВФП Бенчмарк-от составен од композиција на два светски берзанкси индекси: 30% Dow Jones Industrial Average – составен од 30 мултинационални американски компании за кои се смета дека најдобро ја прикажуваат американската економија и 70% Stoxx Europe 50 – составен од 50 европски мултинационални компании кои се најдобар репер на економијата во Европа.




Извор:Refinitiv Eikon; WVP Fund Management

# ВФП ПРЕМИУМ АКЦИИ

## Секторска Изложеност




Извор: WVP Fund Management

**Голем дел од фондот во моментов е позициониран во компании од секторот Финансиски услуги, Здравство и Информатичка технологија. Од друга страна, изложеноста на сектори коишто се економски почувствителни, како што се Енергетика, Потрошувачка Циклична, Суровини и Индустрија, нѝ овозможуваат диверзификација на инвестициите, со што се спречува настаните во еден сектор да влијаат на целото портфолио.**




**Четвртиот квартал од годината беше најуспешен за секторите Циклична потрошувачка, информатичка технологија и финансиските услуги во САД. Сектори кои забележаа најголем пад беа: Недвижности, Суровини, и Општа потрошувачка во Европа.**

Извор: Refinitiv Eikon

# ВФП ПРЕМИУМ АКЦИИ

## Валутна изложеност




Извор: WVP Fund Management

**Стратегијата на Фондот е доминантно вложување на средствата во европски акции, пред сѐ, поради стабилноста на курсот денар/евро. Од графиконот може да се забележи дека 49,35% од средствата на Фондот се изложени на акции во евра, потоа 32,30% е изложеност на акции во долари и останатиот дел од средствата му припаѓа на други валути како швајцарски франци, британски фунти и македонски денар. Ваквата дисперзија на средствата овозможува заштита од валутни ризици.**

## ДВИЖЕЊЕ НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ НА КОИ Е ИЗЛОЖЕНО ПОРТФОЛИОТО ВО ОДНОС НА ЕВРОТО




Извор: WVP Fund Management

# Преглед на топ 3 позиции со најдобрите перформанси според учеството во имотот на фондот во изминатиот квартал

## *The Goldman Sachs Group Inc*

The Goldman Sachs Group, Inc. е американска мултинационална инвестициска банка и компанија за финансиски услуги. Основана во 1869 година, Goldman Sachs има седиште во Долен Менхетен, Њујорк, со регионални седишта во многу меѓународни финансиски центри. Таа е втората најголема инвестициска банка во светот според приходите и е рангирана на 55-то место на листата Fortune 500 на најголемите корпорации во Соединетите Американски Држави според вкупните приходи. Во Forbes Global 2000 за 2024 година, рангирана е на 23-то место. Акциите на Goldman Sachs ги надминаа резултатите на индустријата во последните шест месеци. Фокусот на компанијата на подобрување на клучните области, како што се инвестиционото банкарство и трговските активности ќе помогне во зајакнување на нејзината присутност на странските пазари.

## *SAP SE*

SAP SE е европска мултинационална софтверска компанија со седиште во Валдаф, Баден-Виртемберг, Германија. Компанијата е најголемиот продавач на софтвер за планирање на ресурсите на претпријатијата (ERP) во светот. SAP е компонент на DAX и Euro Stoxx 50 берзанските индекси. Тоа е најголемата неамериканска софтверска компанија по приходи. Нејзините решенија (софтвер за апликации за претпријатија, апликации за управување со ресурсите на претпријатијата, апликации за управување со синџирот на снабдување, софтвер за апликации за набавки, софтвер за управување со трошоците и слично) се дизајнирани за да ги задоволат потребите на организациите, почнувајќи од мали и средни бизниси до големи глобални претпријатија. SAP исто така се гордее со опширна партнерска мрежа со повеќе од 20.000 партнери ширум светот во повеќе од 140 земји.

## *NVIDIA Corp*

NVIDIA Corp е лидер во светот за визуелни компјутерски технологии и изумител на графичкиот процесор. Компанијата започна со фокус на графика за персонални компјутери, а денес е насочена кон решенија базирани на вештачка интелигенција (AI), кои поддржуваат високо-перформантни компјутерски системи, игри и виртуелна реалност. Графичките процесори на компанијата играат важна улога во развојот на индустрии вредни милијарди долари, како што се роботиката и автономните возила. Тие исто така го напојуваат најмоќниот суперкомпјутер во светот, кој се наоѓа во Националните лаборатории Oak Ridge во САД, како и најмоќните суперкомпјутери во Европа и Јапонија. Во фискалната 2024 година, NVIDIA имаше приходи од 60,92 милијарди долари, што е зголемување од 126% во споредба со 26,97 милијарди долари во фискалната 2023 година.

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

## ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ

**Во четвртиот квартал од 2024 година, американските акции остварија значителни добивки, кулминирајќи со силен перформанс на индексот S&P 500. Оваа нагорна траекторија беше значително поттикната од политичките случувања, особено од резултатите на претседателските избори во САД. Победата на Доналд Трамп внесе оптимизам кај инвеститорите бидејќи пазарните учесници очекуваа дека политичката програма на новата администрација ќе стимулира економски раст, ќе ги намали даноците и ќе ја олесни регулативата. Најавата за воведување на нови и високи царини може да влијае негативно на американската економија, но за сега аналитичарите не го сметаат овој факт како опасен за американската економија и се оптимисти за пазарот на капитал за време на мандатот на Трамп.**

**Според Бирото за статистика на трудот на САД, индексот на потрошувачките цени се зголеми за 0,4 процентни поени во декември, со што годишната инфлација достигна 2,9%. Од друга страна, базичната инфлација во декември се зголеми за само 0,2 процентни поени, со што достигна ниво од 3,2%.**

**Федералните резерви одиграа клучна улога во обликувањето на пазарните динамики во текот на кварталот, при што во два наврати воведоа намалување на каматните стапки. На последниот состанок во декември Федералниот комитет за отворен пазар ги намали каматните стапки за 25 базични поени, во опсег од 4,25 до 4,5%. ФЕД сигнализираше дека има намера да ги намали каматните стапки во 2025 година со побавно темпо од првично планираното, бидејќи нивната референтна каматна стапка се приближува до она што тие го нарекуваат „неутрално” ниво.**




Извор: WVP Fund Management

**Силниот перформанс на американските берзи во периодот беше предводен од секторите за комуникациски услуги, информатичка технологија и циклична потрошувачка. Некои од „Величествените седум” (Apple, Microsoft, Amazon, Alphabet, Meta, Nvidia и Tesla) покажаа силни перформанси, поттикнати од растот на технолошкиот сектор и дигиталните услуги. Спротивно на тоа, секторот за суровини беше најслаб, соочувајќи се со предизвици како резултат на нестабилноста на цените на суровините и намалената побарувачка.**

**Уделот на ВФП Дивиденда, за време на кварталот, заврши со раст од 0,62%.**


WVP FUND MANAGEMENT

# Анализа на перформансите на ВФП Дивиденда Акции со споредба со берзанските индекси

Како показател за успешноста при управување со средствата на инвеститорите, следејќи ја инвестициската стратегија на фондот “доминантно вложување во мултинационални компании од развиени држави”, како репер за споредба на приносот на ВФП Дивиденда го користиме MSCI World Index - глобален индекс на акции кој опфаќа компании со средна и голема капитализација од 23 развиени пазари во светот. При управување со средствата,Фондот не го реплицира индексот, туку го користи исклучиво за споредба на перформансот.

.




Движење на цената на уделот на ВФП Дивидена Акции VS движење на индексот MSCI World.
Извор: Refinitiv Eikon; WVP Fund Management

# ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ

## Секторска изложеност




Извор: WVP Fund Management

Голем дел од фондот во моментов е позициониран во компании од секторот ИТ, Финансиски услуги и Здравство. Секторот Диверзификацијата и изложеноста во сектори како Индустрија, Потрошувачка Циклична, Енергетика, кои важат за сектори со висока корелација со бизнис циклусот ни овозможуваат да го намалиме целокупниот ризик на фондот.

## Валутна изложеност




Стратегијата на Фондот за доминантно вложување на средствата во Американски акции резултира со доминантна изложеност на Фондот во Американски долар (USD). Од графиконот може да се забележи дека 62,57% од средствата на Фондот се изложени на акции во долари, потоа 21,96% е изложеност на акции во евра и останатиот дел од средства припаѓа на други валути како швајцарски франци, британски фунти, сè со цел дисперзија на средствата на инвеститорите и заштита од валутни ризици кои се јавуваат кога се вложува во финансиски инструменти со странски валути.

Извор: WVP Fund Management

# Преглед на топ 3 позиции со најдобрите перформанси според учеството во имотот на фондот во изминатиот квартал

## Alphabet Inc

Alphabet Inc е Американска мултинационална корпорација која продолжува да ги поместува границите на технологијата преку своите иновативни проекти. Како главни производи на оваа компанија се Google Services кој ги вклучува популарни производи и услуги како Google Search, YouTube, Google Maps, Google Play, Gmail и Android оперативниот систем, како и Google Cloud кој вклучува услуги за претпријатија, како Google Cloud Platform и Google Workspace. Вкупните приходи на Alphabet Inc за 2024 година изнесуваат 350 милијарди долари, што претставува зголемување од 14% споредбено со минатата година. Нето приходот изнесува 100 милијарди, што е зголемување од 37% споредбено со претходната година.

## Nvidia Corp

Nvidia Corp е Американска мултинационална корпорација која се смета за лидер во технологијата за вештачка интелигенција и производството на графички процесори (GPU), кои се високо ценети во индустријата за игри. Иновативниот пристап и силната линија на производи ја позиционираа компанијата на врвот на технолошката индустрија. Аналитичарите често ја нарекуваат Nvidia "крал на вештачката интелигенција". Во последните години, Nvidia доживеа финансиски раст, главно поради фокусот на технологиите за вештачка интелигенција и центри за податоци. Во третиот квартал од 2024 година, NVIDIA имаше приходи од 35,1 милијарди долари, што е зголемување од 17% во споредба со Q2 и 94% раст во однос на истиот квартал минатат година. Нето приходот за 3Q2024 изнесува 19 милијарди долари.

## Amazon Inc

Amazon.com, Inc. е уште една американски мултинационален конгломерат фокусиран на онлајн продажба, cloud системи и вештачка интелигенција. Се смета за една од „The Big Four" ИТ компании заедно со Apple, Microsoft и Google. Главната дејност е онлајн продажба, односно продажба на производи и услуги преку интернет. Во четвртиот квартал од 2024 година има раст на нето приходите од 10% во споредба со истиот период лани, додека 11% раст во 2024 во однос на 2023 година. Исто така во текот на 2024 година забележан е значителен раст во приходите од продажба во странство.

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

## ВФП БОНД

Во четвртиот квартал од 2024 година, пазарите на обврзници беа под влијание на комбинација од фактори, вклучувајќи ги очекувањата за инфлација, каматните политики на централната банка (особено оние на ФЕД, ЕЦБ и БоЕ) и растечката загриженост за политичката стабилност и промените на фискалната политика во големите земји. Пазарите на САД, еврозоната и Обединетото Кралство доживеаја загриженост за каматните стапки и инфлацијата, со дополнителен суверен ризик и трговските прашања што ја влошија нестабилноста. Генерално, приносите на обврзниците се искачија како реакција на стравовите од инфлација, но расположението на инвеститорите остана чувствително во однос на индикаторите за економско забавување или политички пресврт.

Последниот квартал на 2024 година беше обележан со тоа што САД продолжија со адаптирање на својата монетарна политика во контекст на економските и инфлациски притисоци. По одлуката на ФЕД во ноември да ја намали каматната стапка на 4,75%, што доведе до прво намалување по долго време, Централната Банка ја прилагоди својата политика во одговор на забавувањето на економскиот раст и ослабената инфлација




Извор: WVP Fund Management

За време на последниот тримесечен период од 2024 година, Европската централна банка (ЕЦБ) ја намали каматната стапка на 3,15% во декември, како дел од прилагодувањето на монетарната политика по забавувањето на инфлацијата.

Во четвртиот квартал на 2024 година, Банката на Англија ја задржа каматната стапка на 4,75%, како резултат на умерена инфлација и стабилизирање на економските услови во Обединетото Кралство. Банката внимателно ги следеше економските податоци и предупреди дека евентуални понатамошни намалувања на каматните стапки ќе зависат од стабилноста на економијата и инфлацијата.

WVP FUND MANAGEMENT

# Движење на пазарите на фиксен доход на држави во развој




Извор: Refinitiv Eikon

И покрај нестабилноста во глобалната економија, пазарите на обврзници на економиите во развој како што се Романија, Црна Гора и Босна покажаа издржливост во последното тримесечје на 2024 година. Овие нации одржаа стабилни економски околности за нивните пазари на обврзници со успешно контролирање инфлација во важни области. Поголемиот дел од овие земји одржуваа конзервативна монетарна политика и релативно стабилни каматни стапки, без оглед на тешкотиите предизвикани од активностите на ФЕД. Со цел да се обезбеди поволно опкружување за нивните должнички пазари, централните банки на овие нации се воздржаа од драматично намалување на стапката како што се намалуваа инфлаторните притисоци и наместо тоа, се концентрираа на промовирање на растот додека ја контролираа инфлацијата. Нивните пазари на обврзници забележаа стабилни перформанси во последниот квартал од 2024 година како резултат на овој внимателен чин на балансирање.

Во Романија, годишната стапка на инфлација продолжи да се намалува во четвртиот квартал од 2024, достигнувајќи ниво од 5,1% во декември, што е за 0,3% пониско во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на Народната банка на Романија остана непроменета на 6,5% во целото тримесечие, со нагласени очекувања за понатамошно намалување на инфлацијата во 2025 година. Прогнозите за идниот период останаа позитивни, а Народната банка продолжи со внимателно следење на економските индикатори и глобалните трендови.

Во последниот квартал од 2024 година, основната каматна стапка во Црна Гора остана стабилна на 6,55% до крајот на годината. Инфлацијата, која беше 1,2% на почетокот на кварталот, се зголеми на 2,1% до декември. Народната Банка на Црна го продолжи следењето на економските текови и го стави акцентот на обезбедување стабилност на монетарната политика со цел да одржи економската стабилност при умерен раст на инфлацијата во Црна Гора.

Извор: WVP Fund Management

Економијата на Доминиканската Република продолжи да се покажува отпорна, иако глобалните економски несигурности продолжија. Централната банка ја намали основната каматна стапка на **5,75%** во овој квартал, што претставува намалување од **0,75%** во однос на претходниот квартал, прикажувајќи адаптивен пристап кон монетарната политика. Инфлацијата, која беше **3,29%** на крајот на третото тримесечје, се зголеми на **3,35%** до декември, што претставува пораст од **0,06%** во текот на кварталот. Народната банка на Доминиканската Република продолжи со внимателно следење на економските услови, фокусирајќи се на одржување на стабилноста на монетарната политика и поддршка на економската стабилност во ситуација на бавно зголемување на инфлацијат.

За време на **Q4 2024** година, економијата на Брегот на Слоновата Коска остана стабилна, со инфлацијата која значително падна од **4,5%** во третото тримесечје на **2,5%** до ноември. Централната Банка през целата година ја задржа историски највисоката каматна стапка на **5,5%.** Овој период беше обележан со стабилност на локалната валута, франкот **CFA**, додека извозот на какао, како клучен производ за земјата, продолжи да придонесува за економскиот раст.

# ВФП БОНД

## Валутна изложеност




Од графиконот може да се забележи дека 79,77% од средствата на ВФП Бонд се изложени во евра, потоа 16,88% во денари, а 3,13% е изложеноста во американски долари. Исто така портфолиото на фондот е изложено и на рубља со 0,22% кои се вложени во руски државни обврзници.

Извор: WVP Fund Management

**Годишен принос заклучно 31.12.2024**

**2,48%**

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

# ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ

На последната одржана седница на Народната банка е оценето дека најновите услови во економијата овозможуваат да се продолжи со претпазливо нормализирање на поставеноста на монетарната политика. Оттука, беше одлучено каматната стапка на благајничките записи да продолжи да се намалува и моментално изнесува 5,55%. И натаму се очекува дека нивото на каматните стапки, заедно со досегашните промени кај задолжителната резерва и преземените макропрудентни мерки, ќе придонесе за ценовна стабилност на среден рок и за задржување на стабилноста на девизниот курс.

Одлуката за монетарната политиката е заснована на оцените за инфлацијата, којашто се движи во рамките на очекувањата, како и на постојаните поволни движења на девизниот пазар. Годишната стапка на инфлација во декември изнесува 3,5%.

Општо земено, најновите остварувања кај клучните макроекономски показатели, како и согледувањата во однос на нивната идна патека создаваат можност за натамошно намалување на каматната стапка на благајничките записи. И натаму треба да се следат ризиците поврзани со надворешното окружување, пред сè цените на примарните производи, коишто сè уште се под влијание на нестабилниот геополитички контекст и климатските промени, а треба да се внимава и на ризиците од домашните фактори коишто може да влијаат врз побарувачката и цените во следниот период. Оттука, водењето внимателни макроекономски политики треба да останат приоритет и во иднина.

Извор: НБРСМ

# ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ

И покрај започнатото опаѓање на каматните стапки, ВФП Кеш Депозит успева да оствари се солиден принос во однос на пазарните конкуренти. ВФП Кеш Депозит и понатаму останува совршен производ за:

- Конзервативни инвеститори што претпочитаат средствата да им се примарно во банка
- Правни лица кои сакаат да остварат повисок принос од приносот на трансакциска сметка на ликвидните средства што им се потребни за краток период
- сите физички лица, имајќи предвид дека секој човек првично има потреба од ликвидни и стабилни средства




Извор: WVP Fund Management

Извор: НБРМ; WVP Fund Management



# ПРЕПОРАКА ДО ИНВЕСТИТОРИТЕ

Како што влегуваме во 2025 година, од клучно значење е инвеститорите да останат дисциплинирани кон својата инвестициска стратегија.
Одржувањето на диверзифицирано портфолио во различни класи на средства и индустрии ќе помогне да се ублажат потенцијалните ризици поврзани со пазарната концентрација.
Да се остане информиран за економските и финансиските трендови е важно, но треба да се избегнува импулсивно реагирање на краткорочните движења на пазарот.

Минатата 2024 година, повеќето пазари на капитал во светот ја поминаа во “bull market” и годината ја завршија со високи приноси поголеми од очекувањата на аналитичарите. Растот во последните 2 месеци од годината најмногу беше предводен од победата на Доналд Трамп и Републиканската партија. Историските приноси можат да дадат вредни сознанија, но не треба да се потпираат на нив како индикатори за тоа што претстои. Пазарите се под влијание на мноштво економски фактори, геополитичките настани, промените на каматните стапки и непредвидените нарушувања. Додека некои сектори може да ја продолжат својата нагорна траекторија, други може да доживеат промени кои бараат прилагодување на инвестициските стратегии. Клучот за успешно инвестирање останува диверзификацијата, трпението и фокусирањето на долгорочните финансиски цели.

Остануваме максимално доследни и посветени на нашата инвестициска политика каде што главна цел ни е да инвестираме во стабилни и развиени бизниси со изгледи за раст. Геополитичките случувања на глобално ниво остануваат како фактор кој може да има значајно влијание врз пазарите на капитал, сепак, можните негативни корекции и падови ги гледаме како одлична долгорочна можност за искористување на cost average ефектот и упросечувањето на куповната цена на уделот.

Како и претходно, препорачуваме инвеститорите и понатаму да не се обидуваат да го погодат дното или врвот. Веруваме дека на долг рок оваа стратегија е далеку поoправдана од стратегијата на “бркање краткорочни заработки” преку купопродажни трансакции. Бидете сигурни дека целиот наш тим ќе остане посветен да продолжиме заедно успешно да се движиме низ ова предизвикувачко пазарно опкружување.